Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за инспекциски работи**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
**тел.: 02/2785-470**
**inspekcija@kiselavoda.gov.mk**

**Број 08 - 5036/2 од 09.06.2023 година**

# ЗАПИСНИК
## од спроведениот практичен испит за инспектор

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ бр.102/19) и Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор (Службен весник на РСМ бр.238/19) на ден 09.06.2023 година со почеток во 11.00 часот во службените простории на Општина Кисела Вода пред Комисијата за полагање на практичен испит за инспектор формирана од Градоначалникот на Општина Кисела Вода со Решение број 08-5036/1 од 08.06.2023 година во состав:

- Златко Бојаџиев - Раководител на Одделение за вршење надзор на други работи од надлежност на општината - претседател;
- Ресул Шемо - Член од областа на градежништвото, урбанизам, комунални работи и транспорт, номиниран член од Инспекцискиот совет
- Зоран Евроски – Овластен просветен инспектор во Сектор за инспекциски работи во Општина Кисела Вода - член;
- Игор Никоски - Раководител на Секторот за инспекциски работи во Општината Кисела Вода; ментор на кандидатот за инспектор

се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Кандидат за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е **Стојан Трајчев – Советник овластен градежен инспектор вработен во Општината Кисела Вода**.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор при што кандидатот Стојан Трајчев изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготвување на истиот, спроведување на инспекцискиот надзор со подготвување на инспекциски акти, затворање на инспекцискиот надзор и документирање на истиот.

Кандидатот за инспектор презентираше вонреден инспекциски надзор.

По презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Стојан Трајчев, Комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

- Планирање и подготвување на инспекцискиот надзор – 15 бодови
- Спроведување на инспекцискиот надзор – 30 бодови
- Затворање на инспекцискиот надзор - 28 бодови
- Документирање на инспекцискиот надзор – 15 бодови

Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор Стојан Трајчев **ГО ПОЛОЖИ** практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоени вкупно **88** бодови.

Полагањето на практичниот дел од испитот се одвиваше во следниот временски период:

- Почеток во 11.00 часот на ден 09.06.2023 година
- Завршување во 12.00 часот на ден 09.06.2023 година

Комисија за полагање на практичен дел од испитот за инспектор:

1. Златко Бојаџиев ______________________
2. Зоран Евроски ______________________
3. Ресул Шемо ______________________
4. Игор Никоски ______________________